## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осмото продолжение на 14-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,06 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фијат Цаноски, Али Ахмети, Џевад Адеми, Фазли Велиу, Зумрете Јакупи, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Валентина Божиновска, Лилјана Поповска и Ристо Пенов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон.**

Собранието го усвои Предлогот за донесување на законот.

Пред да го ставам предлогот да се претресе на оваа седница и Предлогот на законот, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници, затоа што некои од опозицијата во меѓувреме излегоа.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 56, сите 56 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 ставови 7 и 8, член 3 ставови 1 и 3, член 5, член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 10 за додавање нов наслов пред членот 12 и на член 12 став 1 и на член 13.

Пратеникот Павле Трајанов поднесе амандмани на член 1 став 3 и на член 2 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандмани на член 1 ставови 7 и 8, член 3 ставови 1 и 2 и на член 4 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Додовски поднесе амандмани на член 1 и за менување на став 3, член 1 за менување на став 4, на член 2 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува пред се за пререгистрацијата или регистрацијата на политичките партии. Сметаме дека рокот од две години е неприфатлив затоа што сите изборни циклуси во Република Македонија на некој начин се на четири години, локалните избори, парламентарните избори освен претседателските и подготовките и функционирањето на секоја политичка партија во најголем дел се однесуваат и се фокусираат токму кон настапот на изборите на локалните, на парламентарните и во таа насока е овој амандман да биде четири години рокот на пререгистрацијата или потврдување на регистрацијата на политичките партии, а на некој начин е поврзано и со начинот односно како сето тоа ќе се изведе. Дали ќе се изведе пред надлежен државен орган или сето тоа ќе биде како до сега во делот на надлежноста на заверка на потписите пред нотар.

Ценам дека е ова многу практичен амандман и треба да биде поддржан од сите политички партии затоа што ќе биде во насока на целосни подготовки на политичките партии за настап на изборите, меѓутоа, функционирање на политичките партии во еден цел изборен циклус. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за амандманот гласале 9, воздржани 2, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 3, поднесен од пратеникот Павле Трајанов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот со образложение дека навистина ова

решение што е дадено во законот овозможува на секои две години да се потврди легитимитетот на политичката партија, Владата смета дека е шанса и за афирмација на политичката партија преку политичката активност да го зголеми членството на самата политичка партија и секако ова време од две години нема да биде на штета на ниту една политичка партија. Мислам дека за ни една политичка партија не може да претставува некоја потешкотија на секои две години да собере 1000 потписи. Доволно е на десетина или петнаесетина ограноци или комитети на таа политичка партија да се соберат по 50-60 члена да се дојде до тој цензус што е неопходен за таа политичка партија.

Она што се однесува до собирањето на потписите во подрачните единици на Министерството за правда очигледно дека е прашање кое и до сега се практикува во практиката и до сега дало позитивни резултати и немало никакви проблеми.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Идејата со овој амандман беше политичките партии да немаат таква обврска на секои две години да ја регистрираат или пререгистрираат политичката партија, бидејќи се создаваат непотребни обврски и според искуствата во другите држави ретко дека има таква законска задолжителна обврска на секои две години да се пререгистрираат политичките партии. Мислам дека тоа ќе биде една огромна обврска за сите политички партии без разлика дали се поголеми или помали, бидејќи тоа се менува некои големи партии станале помали, но јас проценив дека нема расположение кај пратениците да се прифати ваков амандман бидејќи можеби беше посоодветен амандманот на Марјан Додовски кој предложи на секои четири години и сосема логично беше пред или по завршувањето на еден парламентарен изборен циклус да се проверува дали политичката партија и натаму е ефективна, но тој амандман не се прифати, па од тие причини јас го повлекувам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам преетрес по амандманот на член 1 за менување на став 4, поднесен од пратеникот Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 ставови 7 и 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правдла.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 ставови 7 и 8, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Господинот Аднан Јашари има збор, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Бидејќи се говори за три амандмани кои ги имам предложено и кои нормално се сметаат како поврзани амандмани затоа што едниот без другиот не може да се спроведе, ќе настојувам со неколку збора да образложам зошто сум ги предложил овие три амандмани.

Прво ќе дадам објаснување, а потоа се надевам дека министерот или претставникот на Владата ќе најдат простор и можност да ми дадат одговор на прашањата кои ќе ги поставам.

Првото прашање или првата дилема која е поставена кај мене во однос на предложениот текст е прашањето на дерогација на одредбите на Законот за судовите во кој Закон во членот 31 меѓу другото господине министре, се предвидува основните судови да се поделат на две групи или две категории таканаречени основни судови со општи надлежности и основни судови со редуцирани надлежности.

Повеќе е од вистина дека членот 31 од Законот за судовите, ќе ве информирам и ќе нагласам дека овој Закон се донесува со 2/3 мнозинство или квалификувано мнозинство, а се предвидува можноста во надлежност на судовите со проширени надлежности да бидат и прашањата кои се поврзани со регистрирање на политичките партии. Тоа значи овие судови со проширени надлежности имаат за обврска да направат запишување на политичките партии. Доколку се анализираат одредбите од Законот за кој говориме во кој се предвидуваат органите кои ќе го вршат запишувањето, ќе дојдеме до констатација дека првенствено овој закон не говори или не се усогласува од аспект на терминологијата, значи не се знае за какви основни судови се говори. Дали се работи за основни судови со проширени надлежности или со редуцирани надлежности иако за мене лично е

повеќе од евидентно дека овие судови кои се нагласени во овој текст како што е Судот во Струмица, Прилеп, Тетово Скопје 1 и 2 се судови со проширени надлежности, меѓутоа, повторно ќе нагласам во предложениот текст не се нагласува за каков вид на судови се говори.

Од друга страна, вие ги дерогирате одредбите на Законот за судовите, членот 31, каде меѓу другото се предвидуваат десет судови со проширени надлежности. Мое мислење е, но и дилема која ја имам, дали е можно правно со еден таков закон како што е Законот за политичките партии кој што се донесува со просто мнозинство, да се дерогираат одредбите на Законот за судовите, кој се донесува со квалификувано мнозинство.

Друга причина зошто ги предложив овие амандмани е во однос на настојувањето сепак, одредбите на овој закон да се усогласат со одредбите на Законот за едношалтерски систем и Централниот регистар. Повеќе од вистина е дека во членот 13 од Законот за едношалтерски систем се предвидува обврската на сите јавни органи, опфаќајќи ги тука и судските органи за регистрирање ексофицио или на службен начин да известуваат за централните регистри, врз основа на одредбите на овој закон да се овластуваат да имаат јавни регистри каде што ќе се направи запишувањето не само на трговските друштва туку и на здруженијата на граѓаните, што значи ексофицио или службено тоа ќе биде за субјектите или партиите во конкретниов случај кои ќе се запишуваат од страна на органите за запишување. Значи обврзани се тоа да го прават ексофицио, а вие со текстот што сте го предложиле на ниеден начин не настојувате да го направите ова усогласување, односно да ги обврзете судските органи и органите за регистрирање, или пак органите што вие ги предвидувате да може оваа обврска да ја извршат преку информирање на централните регистри како органи што се предвидени да водат централни регистри.

Има и друга причина зошто сум ги предложил овие амандмани. Колку што сум информиран, меѓутоа, и од текстот се гледа дека предлагате Основниот суд Скопје 2 - Скопје да води заеднички регистар или единствен регистар и според мене тука се раѓа една нова дилема која од правен аспект мислам дека е спорна. Надлежностите се предвидени со Законот за судовите и со Законот за политички партии не можеме да направиме дерогирање, односно зголемување на надлежностите на основните судови, без оглед дали се говори за основни судови од општа или проширена надлежност. Јас се надевам дека ќе дадете одговор на овие дилеми и ќе можам да заземам став дали ќе гласам за или против овој предложен текст. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда. Повелете министре.

**Михајло Маневски:** Јас би сакал да му одговорам на пратеникот, бидејќи го спомна Законот за судовите. Тоа е прашање кое е регулирано со Законот за судовите. Точно е тоа дека во членот 31 судовите со проширена надлежност водат судски регистар за политичките партии. Меѓутоа, треба да се прави разлика меѓу членот 31 и членот 32. Во членот 32 став 2 се говори дека основните судови, а тоа се оние во Битола, Тетово, Скопје 1, Струмица и Штип, се надлежни за водење на судски регистар на политички партии од своето подрачје, а во членот 3 од Законот за политичките партии што сега е предложен, политичките партии се запишуваат во регистар според нивното седиште што го води Основниот суд, во натамошниот текст судски регистар. Значи овие пет основни судови се на територијата на Република Македонија кои имаат проширена надлежност и во кои се основани одделенија за гонење на делата на организираниот криминал и корупцијата, тоа се тие пет суда и тие се надлежни за водење на единствен регистар на политички партии од своите подрачја, а политичките партии се регистрираат во судови со проширена дејност, односно членот 3, во врска со измената на членот 17 став 1 и 2 на територијата каде што се регистрира политичката партија. Значи тоа е разликата.

Кога веќе зборувам за судовите, би го напомнал и она што вчера беше истакнато во дискусијата во врска со членот 13 и датумот први јануари 2007 година, зошто први јануари 2007 година. Тоа е датумот кога ќе започне примена на Законот за судовите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 18, воздржани нема, против се 50.

Константирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Марјан Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Трите амандмани кои ги имам поднесено на некој начин беа поврзани еден со друг, започнувајќи од времето на регистрација и пререгистрација на

политичката партија со посебен акцент на начинот како ќе се собираат потписите. Понуденото решение потписите да се собираат, односно да се даваат пред овластено лице од Министерството за правда, предлогот беше тоа како предложено решение да биде изменето и едноставно како потврда, како документ на секој поддржувач на една политичка партија со потпис да биде дадена неговата изјава пред нотар и исто така заверена.

Зошто го кажувам ова како едно практично решение, меѓутоа, и едно решение кое навистина ќе тргнеше многу работи на страна како сомнежи. Да се вратиме наназад, за многу активности кои беа преземени во изминатиот период, започнувајќи од референдумот кој беше за територијалната поделба во Република Македонија, понатаму, еден голем број активности кои беа покренати, за што беше потребно да се соберат потписи од граѓаните и многу политички партии и во тој период, без разлика дали беа во позиција или опозиција, реагираа на начинот како се собираат потписите, односно ситуацијата секој граѓанин да мора лично да оди кај претставникот од Министерството за правда, а знаеме каде се беа распределени сите седишта на подрачните единици на Министерството за правда и на некој начин граѓаните тоа го доживуваа како своевиден притисок, присмотра или дека некој ќе сака да ги евидентира. Што сакам да кажам со ова? Сакам да кажам дека овој понуден модел во потсвеста кај секој граѓанин дава едно размислување дека ќе биде под постојана контрола, на некој начин се ограничува правото на искажување. Сепак, мислам дека членството во политичка партија е личен став, лична одлука и дека заверката на нотар на таа изјава е сосема доволен документ. На крајот, кога секоја политичка партија ќе ги собере сите потребни документи, тие и така и така одат во Министерството за правда, каде што понатаму поминуваат во еден процес на обработка на податоците, потврда дали имаме дупли пристапници и документи, дали се важечки или неважечки и мислам дека на тој начин повеќе ќе беа релаксирани граѓаните кои сакаат на некој начин политички да дејствуваат во Република Македонија. На овој начин тоа право е ограничено и во таа насока е предложен овој амандман, бидејќи овој предложен амандман на некој начин е тесно поврзан и со првиот амандман кој го имам предложено. Доколку се прифати овој амандман, навистина треба да има одредени измени и во претходниот дел кој го предложив како амандман. Сите членови на политички партии мислам дека би се согласиле дека најреално е изјавите да се заверуваат пред нотар. Во наредниот период во Собранието ќе дискутираме и по многу други закони. Еве, еден од актуелните е Законот за лустрација и кога ќе дојде овој закон можеме повторно да се навратиме, ако не толку директно, тогаш индиректно, да видиме како ќе може да биде влијанието и на овој предложен закон, посебно во делот на давањето на потписите. Длабоко сум уверен дека најдемократски и најреално во овој момент беше изјавите на граѓаните да бидат заверувани на нотар, а потоа политичката партија комплетната документација да ја доставува до овластените претставници на Владата, односно до Министерството за правда. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 22, воздржано 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратеникот Павле Трајанов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го поддржува овој амандман, со оглед на тоа дека е поврзан со претходниот образложението ќе биде исто.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Павле Трајанов. Повелете.

**Павле Трајанов:** Се работи за собирање на потписите. Во законот е предложено тоа да се прави во подрачните единици на Министерството за правда. Господинот Марјан Додовски образложи од кои причини тоа го предлага.

Меѓутоа, овде сакам да укажам на една друга можност која ќе создаде одредени проблеми. Во завршните одредби на Законот што се предлага партиите кои се регистрирани до денот на стапување на сила на овој закон треба во рок од 45 дена да ги соберат тие 1000 потписи, меѓутоа, врз основа на образец пропишан од министерот за правда. Мислам дека тука може да се јават проблеми, ако образецот министерот за правда не го потпише и не го објави истиот ден кога практично ќе стапи во сила Законот за измена на Законот за политички партии. Затоа, треба да се обрне внимание на тоа кога ќе стапи односно ќе се примени овој закон, бидејќи може да биде проблем образецот да се завлече неколку денови и тогаш да се јават проблеми во практичното реализирање на овој закон.

Бидејќи нема поддршка ваквиот амандман, претходно гласаше Парламентот, јас го повлекувам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 ставови 1 и 2, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Само накратко уште еднаш ќе кажам дека со Законот за политички партии не може да ги зголемуваме надлежностите на еден суд како што е Основниот суд Скопје 2 - Скопје. Надлежностите на основните судови се предвидени со Законот за судови. Овде се постапува на овој начин и верувајте ми, немам некое негативно настојување, повторно ќе кажам дека постои оваа правна дилема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 18, воздржано нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 ставови 1 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го поддржува овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 ставови 1 и 2, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман, со оглед образложение дека таквиот амандман што се однесува на надлежностите на судовите не е прифатен и не е во согласност со Законот за судовите.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 15, воздржано 2, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа овој амандман и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа амандманот, овој амандман станува дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов наслов пред членот 12 и на членот 12 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа амандманот, овој амандман станува дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаќа и овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа амандманот, овој амандман станува дел од Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против 12.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Јас мислам дека вие како претседавач, кој претседава со седницата на ова Собрание, треба да објасните или пак да објасни претставникот на Владата кој е присутен тука, дека овој Предлог на закон за празниците е Предлог закон за празниците или пак Предлог закон за објавување на неработни денови. Ова го велам затоа што Предлог законот за празниците треба да оди со Бадентерово мнозинство, а вие требаше пред да предложите ваков Предлог закон да објасните како ќе се гласа Предлог законот за празниците и потоа да продолжиме понатаму со седницата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, јас очекував да ја расчистите оваа дилема затоа што мислам дека должите како претседател на Собранието објаснување на кој начин ќе се изјаснуваме по овој Закон, имајќи во предвид дека овој Закон ги тангира сите етнички заедници во Република Македонија. Меѓутоа, тоа е ваше право, очекувам во текот на расправата да не информирате за вашето толкување. Она што денеска го имаме на дневен ред во суштина претставува уште едно избрзано и непромислено решение на Владата на Република Македонија која што во целата желба да предлага популистички закони кои што на краток рок можеби ќе имаат подршка и симпатија од страна на граѓаните на Република Македонија на долг рок, практички ќе се покажат потполно непродуктивни и ќе предизвикаат проблеми и во функционирањето, меѓутоа, и проблеми кои што можеби нема да можеме да ги предвидиме уште од сега. Извинете само еден момент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Јани Макрадули, повелете.

Процедурално повелете Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Ова го кажувам особено заради тоа што откако се објави Предлогот на законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија беа изненадени колиционите партнери на ВМРО-ДПМНЕ, Новата социјалдемократска партија која што не го криеше тоа јавно веднаш да го кажат. Меѓутоа, исто така резерви за овој закон покажаа и изјавија и Македонската православна црква, Исламската верска заедница, а доколку имаме во предвид дека еден добар дел од предложените решенија се верски празници мислам дека треба да се почитува нивното мисење и заради тоа беа искажувањата на комисиите дека е потребно овој закон да се разгледува во две фази за да може да го разгледаат и по него да се произнесат во јавна расправа сите релевантни фактори, меѓу кои и научната јавност, експертите имајќи ја предвид контраверзноста на предлозите кои што се дадени во овој закон.

Имено на 26 октомври 2006 година значи речиси веднаш по предложувањето на законот господинот Иван Анастасовски како потпретседател на Собранието изјавил дека мора да сме крајно внимателни дека некои празници допираат до верските чувства на етничките заедници ако се усвои овој Предлог, ќе дадеме право секоја партија да го истакнува својот приоритет како државен празник. А, ако веќе имаме партија во коалицијата која изјавува резерва по овој закон меѓу другото и по решението 23 октомври да се слави како државен празник ако имаме резерви од сите опозициони партии излегува дека единствено нема резерва во ВМРО-ДПМНЕ и во ДПА и ова е уште едно од оние решенија со кое што ВМРО-ДПМНЕ сака прилично насилнички и наполно да ги протурка во Собранието, без разлика какво е мислењето на останатите, без разлика какво е мислењето на релевантните фактори кои што имаат право да се изјаснат за овие предлози. Она што особено исто така загрижува е што и портпаролот на Македонската православна црква во својата изјава дадена за весникот “Дневник” на 26 октомври вели, дека, го поддржуваме ставот да има повеќе празници, но сепак дека треба да се води сметка за чувствата на граѓаните со друга

вероисповед, односно не би сакале кај нив да се создаде незадоволство со бројот на празници на православните христијани. Ова го вели портпаролот на Македонската православна црква владиката Тимотеј. И поглаварот на Исламската верска заедница Реис Улема Сулејман Реџепи смета дека предлогот не е во ред. Не е прифатливо да се предложат толкав број христијански, а само еден верски празник на припадниците на Исламската вероисповест. Од тие аспекти јас навистина се прашувам каква е целта...

(Пратеникот Рафис Алити бара збор процедурално)

**Љубиша Георгиевски:** Само да заврши, стрпете се, нема проблем, стрпете се господине Алити. Да не правиме проблем.

(Пратеникот Рафис Алити се упатува кон говорницата)

Пауза 15 минути.

(По паузата,седницата продолжи со работа во 13,13 часот.)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и ги заземат своите места.

Продолжуваме со расправата.

Бидејки имавме процедуралниинтервенции, прво ќе му дадам збор на министерот да одговори на прашањето на господинот Алиоти, па потоа јас ќе одговорам. Кога ќе се заврши процедуралната ситуација што се отвора, ќе продолжиме со дискусијата.

Повелете господине министре.

Министерот нема картица, па затоа, тој се јавуваше.

(Реакции од пратениците од СДСМ).

Повелете, беше упатено директно прашање до министерот.

(Пратеникот Рафис Алити реагира).

Сакате на вашата процедурална интервенција јас да одговорам?

**Рафис Алити:** Господине Георгиевски,

Вие, како претседавач на пленарнава седница имате обврска, по Деловник и по Устав да дадете објаснување за Законот за празници дали ќе се гласа со Бадинтерово мнозинство или без.

Понатаму, нормално е да ние, како парламентарна група да знаеме за што да расправаме на оваа седница. Дали расправаме за неработни денови, како сабота и недела, или ќе расправаме за државни празници? Така што вие треба да дадете објаснување и после да отвориме расправа.

Со овој начин на работа, како што ги водите овие пленарни седници или на овој начин, тоа личи на една емисија на Косовската радио телевизија што се нарекува “Прикаски со тапани”. Вие, на јавноста и продавате прикаски со тапани, што ова не е во ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до содржината на Законот што е на дневен ред, може да се каже дека е за државните празници, но и за неработните денови. Таа алтерација не може строго да се направи ако не се отфрлат некои елементи, односно предлози на тој закон.

Од друга страна, што се однесува до Бадинтеровото мнозинство, односно дали ќе се гласа според Бадинтеровото мнозинство или не, ставот на претседателот на Парламентот кој е должен процедурално да одговори е следниот:

Амандман Х, Устав: “За закон кој директно ги засега културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија”.

Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците. Институционално гледано, строго, овој закон припаѓа во Министерството за труд и социјална политика. Затоа е тука министерот за труд и социјална политика, а не е министерот за култура. Но, под култура, што е еден од најшироките поими, поимот култура е познат во историјата на цивилизациите како поим што не поднесува дефиниција. Така што ниту еден сериозен интелектуалец нема да даде дефиниција на тоа што е култура. Под култура може да се стави се.

Мојот став е дека оваа проблематика не подлежи на решавање со Бадинтерово мнозинство. Но, ако се појави спор, односно ако вашата пратеичка група побара овој закон да се гласа со Бадинтерово мнозинство, тогаш тој спор ќе го решава, пак според Уставот и Деловникот, Комитетот, доколку го одобри како спор мнозинството на Собранието, Комитетот за меѓунационални односи. Тоа е патот.

Јас предлагам, ако е така ние да не губиме време, туку и во полза на самата Комисија за меѓунационални односи и во полза на јавноста и во полза на законите што треба да се донесат, ние да ја водиме расправата, а кога ќе се приближи моментот на гласање во определено точно време, за да не губиме време да се состане Комитетот за меѓунационални односи и ја донесе одлуката заради која што е поставен, онака како што е поставен. Благодарам.

Процедурално има збор пратеникот Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги и колешки,

За пратеничката група на Демократската унија за интетрација и Демократскиот просперитет, апсолутно овој закон, бидејќи тангира прашања што се длабоко поврзани со култуните традиции, затоа што на крајот на краиштата ние празнуваме

денови што поврзуваат со културните традиции, апсолутно подлегнува на тип на гласање со Бадинтерово или двојно мнозинство.

Затоа, за нас е неприфатливо продолжување на расправата па после одлучување, некаде кон крајот, за гласање или негласање со Бадинтер, затоа што оценуваме дека тоа е само една тенденција да се разводни една вистинска дискусија и дерогира принципот на двојното гласање и двојното мнозинство. Ние мислиме дека токму тоа е најголема придобивка за културна еднаквост на заедниците овде во Македонија.

Токму поаѓајќи од фактот дека културните традиции се едни од моментите што најмногу ги зближуваат заедниците во оваа земја и секаде во светот, ние никако, во ниту еден случај не би сакале ова да биде еден момент што раздвојува.

Но, ако тенденцијата е таква да раздвојувате таму каде што треба да има приближување, повелете. Но, уште еднаш го кажувам ставот на нашата пратеничка група дека овој закон се гласа со Бадинтер и неприфатливо е продолжување на дискусијата без појаснување како да се гласа, доколку вие кажувате аргументи дека не се гласа со Бадинтер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Во тој случај, само да одговорам (пратеникот Азис Положани инсистира да добие збор процедурално) дискусија на госпоѓата Теута Арифи, поентира воглавном со тоа што можеби да е и предоцна ако Комитетот реши пред самото гласање.

Во тој случај би предложил за да имаме компромис, би предложил штом се усвои Предлогот на законот, да започне заседанието на Комитетот за меѓунационални односи, што е просто рано да уште денес тоа може да се направи. Значи, не се работи за некое одлагање.

Повелете господине Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски, господине министре,

Јас жалам што денеска сте дојдени по оваа точка од дневниот ред, иако сме тука сведоци малку подолго на потценување на парламентарната практика и заобиколување на правилата врз кои што работи овој Парламент. Долго време сме сведоци дека се заобиколуваат тие правила, сведоци сме дека парламентарното мнозинство се обидува да изнајде дупки и простор за создавање можности за реализирање на своите политики и тогаш кога не е во право со определени постапки и со Деловникот на Собранието. Сме биле и сме виделе и такви форми на прекршување на Деловникот и на Уставот, меѓутоа верувајте, почитувани пратеници дека ваква форма на настојување, на манипулација на Парламентот и на јавноста, како што се гледа при овој закон, до сега не е видено.

Ќе ве молам, јас се обраќам на парламентарното мнозинство сега, не на претставникот на Владата. Не е во ред на ваков транспарентен начин, со толку марифетлуци се обидувате да направите нешто за што не е ниту моментален приоритет во Македонија, ниту има потреба од таканаречен дијалог за кој што сите претендираме дека сакаме да го направиме, ниту пак Република Македонија има потреба во оваа форма и на овој начин, оваа точка од дневниот ред да се усвои и да се направи оваа работа со еден пад или начин што нема да ни служи на чест на сите нас. Ќе аргументирам зошто.

Доколку имавме утврдување на денови за одмор, денови за што веќе се изјаснивме со закон дека се празнични, како Нова Година, Први мај, Денот на ВМРО, на ова или она, доколку тие беа во законот и само да се утврдеше колку денови ќе бевме на одмор, еден-два или ниту еден ден или само ќе имаше некоја манифестација, тоа е прашање на министерот за труд и социјална политика. Меѓутоа, кога се работи за промена на датуми, за дополнување на Законот за празниците што се утврдува врз основа на културните аргументи и културното наследство, тоа не е прашање ниту за трудот и социјалната политика затоа што не е прашањето дали ќе се празнува еден или два дена.

Ви се обраќам вам господине министре, како вие ќе ја одбраните тезата или прашањето зошто Денот на ВМРО треба да биде а не ден на некое друго ВМРО или зошто да биде Ден на албанската азбука а не биде некој друг ден што ја има истата културна тежина за албанците? Зошто да не биде ден на овој свети, тој или оној од светиот живот, а да не биде свет човек или не знам кој. Вие, како министер за труд и социјална политика како ќе ги браните овие тези? Како ќе кажете дека ова или она? Вие не ја знаете историјата, не сте ангажирани да ја познавате историјата и да ги браните истите, затоа што се работи за изготвување на листи на историски датуми врз основа на аргументите на нашето културно наследство што има универзални вредности.

Дали е многу или малку, ќе видиме. не е проблем. Меѓутоа вие не сте оние кои ќе ги штитите или ќе ги браните овие тези. Кога ќе дојде работата да се дефинира листата од Прелдогот на Владата нешто што треба да го брани Министерството за култура, тогаш ќе одлучиме дали ќе одмараме еден ден, два дена, месец дена или определен датум. Мислам дека тогаш вие ќе дојдете до израз. Тука нема никаква дилема дека ова треба да се направи со Бадинтерово мнозинство. Јас не верувам дека некој во јавноста ќе ја голтне оваа работа што се подготвува тука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За пет минути координација во салата Охрид, благодарам.

Давам половина час пауза.

(Реакција од страна на пратениците во однос на треаењето на паузата).

Во ред, може да се спои паузата и да продолжиме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,29 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Имам чест да ве известам дека поради продолжителни и непредвидено продолжени консултации оваа седница сега ја прекинувам. За продолжението на оваа, или на некоја друга започната седница ќе бидете дополнително известени.

Секако ќе имаме седница и ќе бидете дополнително известени по која седница, по која тема, кој број и тн. А секако ќе имаме седница.

(Седницата прекина во 15,06 часот)